# Службен гласник

## на Општина Кавадарци

| Број 3 | 07.12.2021 година |
|---|---|

СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за трансфер на финансиски средства на Општинска изборна комисија Кавадарци од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година за подготовка и спроведување на Локалните избори во Република Северна Македонија 2021 година | 6 |
| Одлука за трансфер на финансиски средства на Општинска изборна комисија Кавадарци од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година за подготовка и спроведување на Локалните избори во Република Северна Македонија 2021 година | 6 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето | 7 |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето | 8 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат | 9 |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат | 10 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за откажување од корисничко право на недвижен имот за КО Кавадарци | 10 |
| Одлука за откажување од корисничко право на недвижен имот за КО Кавадарци | 11 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на трајно користење недвижна ствар-Училишна Спортска сала на ООУ„Страшо Пинџур“, Кавадарци без надомест | 12 |
| Одлука за давање на трајно користење недвижна ствар-Училишна Спортска сала на ООУ„Страшо Пинџур“, Кавадарци без надомест | 12 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.37/21 поведен пред Основен суд Кавадарци | 13 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.37/21 поведен пред Основен суд Кавадарци | 14 |
| Решение за објавување на Одлука за продажба на движни ствари по пат на електронско јавно наддавање | 15 |
| Одлука за продажба на движни ствари по пат на електронско јавно наддавање | 16 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација (рамки за реклами) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | 18 |
| Одлука за примање донација (рамки за реклами) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | 19 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација ( градежни работи за изградба на нов парк – Киро Крстев) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | 20 |
| Одлука за примање донација ( градежни работи за изградба на нов парк – Киро Крстев) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | 20 |
| Решение за објавување на Одлука за давање Одобрение за користење на името на Општина Кавадарци во називот на Здружението за унапредување на туризмот и заштита на животната средина ГРИН ПЛАНЕТ КАВАДАРЦИ | 21 |
| Одлука за давање Одобрение за користење на името на Општина Кавадарци во називот на Здружението за унапредување на туризмот и заштита на животната средина ГРИН ПЛАНЕТ КАВАДАРЦИ | 22 |
| Решение за објавување на Правилник за начинот и условите за користење, сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци | 22 |

| | |
|---|---|
| Правилник за начинот и условите за користење, сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци | 23 |
| Решение за објавување на Одлука за избор на член на Совет на Општина Кавадарци кој ќе учествува во процесот на одлучување за прашања на конфликт на интереси на Градоначалникот на Општина Кавадарци | 40 |
| Одлука за избор на член на Совет на Општина Кавадарци кој ќе учествува во процесот на одлучување за прашања на конфликт на интереси на Градоначалникот на Општина Кавадарци | 40 |
| Решенеи за објавување на Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци | 41 |
| Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци | 41 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци | 43 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци | 44 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за 2021година | 46 |
| Заклучок за усвојување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за 2021година | 47 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година | 48 |
| Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година | 48 |
| Решение за објавување на Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Димката Ангелов Габерот„с.Ваташа за учебната 2021/2022 година | 49 |
| Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Димката Ангелов Габерот„с.Ваташа за учебната 2021/2022 година | 49 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 50 |
| Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 51 |
| Решение за објавување на Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Тошо Велков Пепето„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 51 |
| Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Тошо Велков Пепето„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 52 |
| Решение за објавување на Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 53 |
| Решение за објавување на Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 53 |
| Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 54 |
| Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 55 |
| Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 55 |
| Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 56 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.58/21 поведен пред Основен суд Кавадарци | 57 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.58/21 поведен пред Основен суд Кавадарци | 57 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски ВПП.бр.47/21 поведен пред Основен суд Кавадарци | 59 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски ВПП.бр.47/21 поведен пред Основен суд Кавадарци | 59 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВ.П-79/2021 | 61 |
| Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВ.П-79/2021 | 61 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВ.П-70/2021 | 63 |
| Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВ.П-70/2021 | 63 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Наративниот Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци јануари-ноември 2021 година | 65 |
| Заклучок за усвојување на Наративниот Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци јануари-ноември 2021 година | 65 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно семјиште на просторот на општина Кавадарци за 2021 година | 66 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно семјиште на просторот на општина Кавадарци за 2021 година | 66 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**
**за трансфер на финансиски средства на Општинска изборна комисија Кавадарци од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година за подготовка и спроведување на Локалните избори**
**во Република Северна Македонија 2021 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за трансфер на финансиски средства на Општинска изборна комисија Кавадарци од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година за подготовка и спроведување на Локалните избори во Република Северна Македонија 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-7112/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.11.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002) а во врска со член 22 од Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членови на изборните органи и изборната администрација за спроведување на локалните избори 2021 година со арх.бр.08-3173/1 од 26.10.2021 година и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05/21...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021 година, донесе,

О Д Л У К А

**за трансфер на финансиски средства на Општинска изборна комисија Кавадарци од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година**
**за подготовка и спроведување на Локалните избори**
**во Република Северна Македонија 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши трансфер на финансиски средства во вкупен износ од 3.143,385,00 денари на Општинска изборна комисија Кавадарци за подготовка и спроведување на Локалните избори во Република Северна Македонија 2021 година.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа одлука ке се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година - Програма А0 конто 464 –други трансфери.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6854/1**
**03.12.2021 година**
**К а в а д а р ц и**

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука**
**за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/2**
**07.12.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ"бр.23/11......бр.190/17 и „Службен весник на РСМ" 174/2021), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат,со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. Барање бр.15-911од 21.03.2016год. на барателот ДПТУ ИГМ-ТРЕЈД Илија и др.Кавадарцисо седиште на ул„Индустриска„бр.2,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

- Деловен простор,зграда бр.02,03, изграден во мв„Вршникот„ „Крстот„ „Краишта„на КП бр.3475,КПбр.3517/1, КПбр.3517/2, КПбр.3491/1, КПбр.3476/4КО Глишиќ.

2. Барање бр.14-730од 22.06.2011год. на барателот Даниела Петрова од Кавадарци,стан на ул„Илинденска„бр.14-4,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

- Викенд куќа, зграда бр.1изграден во мв„Катуниште„ на КП бр.2807/2 КО Ваташа.

3. Барање бр.15-737 од 27.12.2018год. на барателот Борче Павловод Кавадарцисо стан на ул„Единство „бр.4, за утврдување на правен статус на бесправен објект,

- Станбен простор, зграда бр.1 изграден во мв„Танко патче„ на КП бр.10189КО Кавадарци.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.08- 6854/2** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.12.2021 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.31/16, бр.190/17 и 174/2021), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021 година, донесе,

О Д Л У К А
За утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправно изградените објекти кои треба да се вклопат во поединачни зони со намената на земјиштето и општиот режим на градење, на тој начин што со идната урбанистичко планска документација ќе се изврши усогласување со состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1.Барање бр.15-726 од 27.12.2018год.на барателот Верица Ристовска од Кавадарцисо стан на ул„Орце Николов„бр.112 ,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

- други објекти од лесна и незагадувачка индустија , зграда бр. 1, во село Марена на КП бр.2655/1 КО Марена.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6854/3** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.12.2021 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## РЕШЕНИЕ
за објавување на Одлуката за откажување од корисничко право на недвижен имот за КО Кавадарци

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за откажување од корисничко право на недвижен имот за КО Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/4** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.12.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002) а во врска со член 79 став 2 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ( "Сл. Весник на РМ" бр. 4/05, ...... 23/16), член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ( Сл.весник на РСМ бр. 5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05/21...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за откажување од корисничко право на недвижен имот за**
**КО Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци, се откажува од корисничкото право од недвижен имот, прибележано на дел од КП бр. 10779/4 со површина од 37 м2 евидентирана во Имотен лист бр. 16588 КО Кавадарци .

Член 2

Откажувањето на корисничкото право претставува основ за бришење на корисничкото право од имотен лист ослободување од товар со цел непречено оформување на градежна парцела 05.09.10 согласно ДУП за дел од УЕ 5, блок 5.9 Вељко Влаховиќ КО Кавадарци, донесен со Одлука на Совет на Општина Кавадарци 08-4738/1 од 30.07.2021 година.

**Член 3**

СЕ ЗАДОЛЖУВА, лицето кое има правен интерес за престанок на корисничкото право, на сметка на Буџет на Општина Кавадарци, НБРМ, жиро сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник 7320140363 630 19, приходна шифра 725939 00, цел на дознака други неданочни приходи, да уплати на име надоместок во износ од 35 еур по м2 во денарска противвредност, односно севкупно 79.888,оо денари, согласно Извештај- Проценка на недвижен имот – градежно земјиште бр. 03-20/1 од 04.11.2021 година изработен од ДТЛППУТ ОПТИМА ЛОГИСТИК АГ ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6854/4** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.12.2021 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**

за објавување на Одлука за давање на трајно користење недвижна ствар-
Училишна Спортска сала
на ООУ„Страшо Пинџур“, Кавадарци без надомест

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на трајно користење недвижна ствар - Училишна Спортска сала на ООУ„Страшо Пинџур“, Кавадарци без надомест, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 21 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со ствари во општинска сопственост („Сл.весник на РМ„бр. 78/15....101/19 и „Сл.Весник на РСМ„ бр.122/21), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05/21...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење недвижна ствар**
**-Училишна Спортска сала**
**на ООУ„Страшо Пинџур“, Кавадарци без надомест**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на трајно користење на ООУ„Страшо Пинџур“ Кавадарци, недвижната ствар - Училишна Спортска сала и тоа :

- Објект 4, влез 1, кат приземје на КП.бр. 12610, заведена на ИЛ.бр.12833 со вкупна површина од 614м2 со намена Д3-1 спортско рекреативна сала без трибини на ул„Ленинова“ КО Кавадарци.

**Член 2**

Правото на трајно користење на недвижноста од член 1 од оваа Одлука се дава без надомест.

**Член 3**

Начинот и условите на користење на недвижноста од член 1 од оваа Одлука ке се уреди со Договор помеѓу Општината и корисникот.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6854/5** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**03.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.37/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.37/21 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05……. 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021 година, донесе ,

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.37/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.37/21, поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1.Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.37/21 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр 10827/1 м.в „Западен Булевар” култура гз со новоформираната кп бр.10827/3 во површина од 1096 м2 и КП бр.10829/6 м.в.„Западен Булевар”култура гз во површина од 126 м2,со право на сопственост на Љубица Димитриов од Кавадарци со адреса на улица „Западен Булевар”бр.27 по имотен лист бр.13548,заради градење на дел од улица„ИН 1”,„ИН 4”и „ИН 5”- Индустриска зона КО Кавадарци град предвидени со измена и дополнување на ДУП за дел од УБ 22К-дел и 23К-дел, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-153 од 03.09.2020 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, по предходно изготвен Геодетски елаборат за геодетски работи со посебни намени нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистичко-планска документација КО Кавадарци со деловоден бр.0802-119 од 03.02.2020 година изработен од ТДГР„ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР”ДООЕЛ Кавадарци, чиј инвеститор е Општина Кавадарци -Локална Самоуправа.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Љубица Димитриов од Кавадарци со адреса на ул.„Западен Булевар”бр.27 Кавадарци, износ од 1.353,00 ден./м2 односно за 1222 м2 надоместок во вкупен износ од 1.653.366,00 денари.

3. Противникот е согласен надоместокот во износ од 1.653.366,00 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциска сметка на противникот.

4.Страните на Судската Спогодба се согласни за адвокатските трошоци, и тоа надоместокот за две застапувања во износ од 25.772,00 денари предлагачот –Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциска сметка на полномошник адвокат.

5. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.37/21.

6.Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 6854/6** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.12.2021 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука**
**за продажба на движни ствари по пат на**
**електронско јавно наддавање**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за продажба на движни ствари по пат на електронско јавно наддавање, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-7112/7** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.12.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002) а во врска со член 2 став 1 точка 4, член 3, 4, 46, 47, 48, 49 и член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05/21...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за продажба на движни ствари по пат на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Да се изврши продажба на движни ствари сопственост на ЈП„ Комуналец" Кавадарци согласно Решение СТ.бр.60/11 од 24.02.2020 година на Основен суд Велес, по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21), и тоа:

1. Грејачи за бојлер 3,5 kw, бр.500;
2. Алат за извлекување Дифузер тип Ф 500, бр.1;
3. Алат за извлекување Дифузер тип Ф 300 бр.1;
4. Ексцентар преса Тип PEP – 63, бр.1;
5. Хидроулична апкант преса тип 6000, бр.1;
6. Стабилна дупчалка TSB – 25 бр.1;
7. Када за цинк (неисправна) тип 60 м3, бр.1;
8. Резервоар за лесно гориво масло (нафта) тип 20 м3, бр.2;
9. Командна табла бр.1;
10. CO2 Апарат за заварување тип VARMIG 400, бр.7;
11. Координатна машина за пробивање KPS 300, бр.1 и
12. Конзолна хидраулична преса тип 25 Т, бр.1.

**Член 2**

Проценетата вредност на движните ствари од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за процена на вредноста на машини и опрема изработен од ДИУП „Метода Плус" ДООЕЛ – Кавадарци, со деловоден П.бр.86/1 од 30.03.2021 година и истата е во износ од 817.000,00 денари.

Висината на почетната цена за продажба на движните ствари од член 1 на оваа одлука изнесува:

- За движната ствар под реден број 1 износ од 50.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 2 износ од 30.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 3 износ од 30.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 4 износ од 130.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 5 износ од 120.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 6 износ од 50.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 7 износ од 30.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 8 износ од 72.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 9 износ од 30.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 10 износ од 30.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 11 износ од 140.000,00 денари и
- За движната ствар под реден број 12 износ од 105.000,00 денари;

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата за продажна на движните ствари од член 1 на оваа одлука изнесува:

- За движната ствар под реден број 1 износ од 1.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 2 износ од 600,00 денари;
- За движната ствар под реден број 3 износ од 600,00 денари;
- За движната ствар под реден број 4 износ од 2.600,00 денари;
- За движната ствар под реден број 5 износ од 2.400,00 денари;
- За движната ствар под реден број 6 износ од 1.000,00 денари;
- За движната ствар под реден број 7 износ од -600,00 денари;
- За движната ствар под реден број 8 износ од 1.440,00 денари;
- За движната ствар под реден број 9 износ од 600,00 денари;
- За движната ствар под реден број 10 износ од 600,00 денари;
- За движната ствар под реден број 11 износ од 2.800,00 денари и
- За движната ствар под реден број 12 износ од 2.100,00 денари;

**Член 3**

Објавата за продажба на движните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- опис на движните ствари кои се предмет на продажба (назив, количина);

- почетната цена за продажба на движните ствари кои се предмет на продажба;

- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;

- време на започнување на јавното наддавање;

- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;

- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;

-банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на движната ствар;

- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните движни ствари;

- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и

- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 4**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“ .

**Бр.08- 6854/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**
**за примање донација (рамки за реклами) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање донација (рамки за реклами) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/02, 14/10, 24/10, 38/19 и 64/20), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација (рамки за реклами) од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација изработка на рамки за реклами – 29 парчиња, за уредување на Градски стадион Кавадарци, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци, со цел за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа за уредување на просторот, уредувањето на градежното земјиште и одржување и изградба на објекти за спорт, согласно член 22 ст.1 т. 1 и 6 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од **85.550,00 денари со вклучен ДДВ.**

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Заменик на Градоначалникот во име на Општина Кавадарци како прималец на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6854/8**
**03.12.2021 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуказа примање донација**
**( градежни работи за изградба на нов парк – Киро Крстев) од Друштво за производство, трговија и услуги**
**“КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање донација ( градежни работи за изградба на нов парк – Киро Крстев) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/02, 14/10, 24/10, 38/19 и 64/20), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација ( градежни работи за изградба на нов парк – Киро Крстев) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација извршување на градежни работи за реализација на проект изградба на нов парк во Кавадарци – парк Киро Крстев во вредоност од 668.352, оо денари со ДДВ и и поставување на две клупи во истиот парк во вредност од 13.000,оо денари со ДДВ, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци, со цел за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа од областа на комуналните дејности, за уредување на просторот и одржување и користење на паркови, согласно член 22 ст.1 т.4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донацијата е утврдена на вкупен износ од **681.352,00 денари со вклучен ДДВ.**

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Заменик на Градоначалникот во име на Општина Кавадарци како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6854/9** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**03.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

РЕШЕНИЕ

за објавување на Одлука за давање Одобрение за користење на името на Општина Кавадарци во називот на Здружението за унапредување на туризмот и заштита на животната средина ГРИН ПЛАНЕТ КАВАДАРЦИ

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање Одобрение за користење на името на Општина Кавадарци во називот на Здружението за унапредување на туризмот и заштита на животната средина ГРИН ПЛАНЕТ КАВАДАРЦИ, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 9 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Сл.Весник на РМ„ бр.52/10...55/16), Барање за употреба на името Кавадарци со арх.10-6605/1 од 15.11.2021 година и член 132 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за давање Одобрение за користење на името**
**на Општина Кавадарци во називот на**
**Здружението за унапредување на туризмот и заштита на животната средина**
**ГРИН ПЛАНЕТ КАВАДАРЦИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ДАВА ОДОБРЕНИЕ за користење на името на општината „ Кавадарци„ во називот на Здружението за унапредување на туризмот и заштита на животната средина ГРИН ПЛАНЕТ КАВАДАРЦИ.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила (8) осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6854/10** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.12.2021 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**

за објавување на Правилник за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци

1.СЕ ОБЈАВУВА Правилник за начинот и условите за користење, сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/11** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.12.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Сл.Весник на РСМ„ бр.12/19), 2021 година и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021година, донесе,

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат начинот на користење, сервисирање и одржување на службените возила кои се во сопственост на Општина Кавадарци, односно се користат во Општина Кавадарци (во натамошниот текст: општината).

### Член 2

(1) Службено возило во смисла на оваа одлука е секое патничко моторно возило и ТМВ кои се во сопственост, односно се користи од страна на општината, и за чие управување е потребно соодветна возачка дозвола од соодветна категорија.

(2) Службени потреби во смисла на оваа одлука се дејствија што произлегуваат од надлежноста на општината.

(3) Корисници на службени возила во смисла на оваа одлука се вработените во општината, кои користат службени возила за службени потреби, како и членовите на Совет на Општина Кавадарци.

(4) Службено возило од вработените во општината се користи по претходно одобрување од Раководител на сектор или лице овластено од Раководителот во општината.

(5) По исклучок Службените возила сопственост на Општина Кавадарци, во зависност од видот и потребата по претходно писмено барање можат да ги користат и лица од ранлива категорија, организирани групи на спортски клубови, здруженија на граѓани за активности од јавен и општествен интерес (во натамошниот текст корисиници), на начин и постапка утврдени во овој Правилник.

(6)Службените возила не смее да се користат за одење до и од враќање од работа или за други приватни потреби.

## II. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА

**Член 3**

(1) За службено возило кое се користи во подрачјето на општината, корисникот треба да има месечен патен налог, кој е даден во прилог бр.1 и е составен дел на оваа одлука.

(2) За службено возило кое се користи за службен пат корисникот треба да има одобрен патен налог за службеното патување, кој е даден во Прилог бр.2 и е составен дел на оваа одлука.

**Член 4**

(1) Користењето на службените возила треба да биде одобрено, оправдано, наменско и рационално и во сообразност со визијата, мисијата, целите и делокругот на работата на општината и нејзините надлежности.

(2) Службеното возило може да го управува корисникот и/или возачот кој има важечка возачка дозвола од соодветна категорија.

(3) Секој корисник и/или возачот на службеното возило кој располага со уреден патен налог пред отпочнување на користење на возилото претходно треба да изврши внесување во месечниот патен налог податоци за часот на преземање на возилото, датумот и состојбата на поминати километри во моментот на превземање на возилото.

(4) Евентуалните механички и други оштетувања што настанале при употреба на службеното возило корисникот ги пријавува на лице на кое е доверено чувањето следењето на техничката исправост, одржувањето, сервисирањето и пријавувањето на дефект како и други работи поврзани со одржување на возилото/возилата (во натамошниот текст: лице задолжено за одржување на службените возила).

(5) При користење на службеното возило, корисникот на возилото користи нафта и нафтени деривати од правниот субјект со кој е склучен договор за јавна набавка на стоки за чие користење корисникот на возилото обезбедува уредни и веродостојни сметководствени документи и со истите во еден примерок од патниот налог се раздолжува кај лицето определено за тоа. Приложената фискална сметка/уредни сметководствени документи се авторизираат од лицето кое е овластено за тоа.

(6) По завршувањето на потребата од користење на служебеното возило, корисникот и/или возачот го затвора месечниот патен налог со пополнување на податоци за часот на враќање, состојбата на километражата и бројот на изминати километри.

(7) За користење за службеното возило во странство, корисник и / или возачот на службеното возило ги обезбедува потребните документи од надлежните институции (зелен картон, мегународна возачка дозвола, полномошно за користење на возилото, и сл.) и треба да има Решение за службено патување во странство и патен налог.

(8) Службените возила сопственост на Општината ке можат да се користат од корисниците по претходно доставено писмено барање (прилог бр.7) до општината и соодветна документација, опис на патувањето.

(9) Барањето и прилог документацијата се доставува до општината најкасно во рок од 3 (три ) календарски денови пред потребата од патување.

(10) Лицата од ранливи категории/телесен инвалидитет/ попреченост, барањето го поднесуваат еднаш или повекепати годишно во зависност од потребата .

**Член 5**

(1) Барање за превоз со службено возило сопственост на општина може да поднесат ранливите групи, за децата со интелектуална попреченост (од сите категории) заради решавање на проблемот со превозот на децата до институциите каде дневно ги обавуваат нивните лични-општествени активности (престој или следење на специјална или редовна настава) и тоа со специјална придружба на стручно лице (согласно закон), по список на деца кој е предаден од институцијата каде децата дневно престојуваат или следат посебна настава или редовна настава.

(2) Барањето од став 1 на овој член се доставува до Комисијата за социјална и детска заштита.

(3) Комисијата за социјална и детска заштитаја ја проценува веродостојноста на потребата, ја разгледува можноста за вклопување во веќе утврдените моментални активности или ангажман на возилата и во рок најмалку од 1 (еден) календарски ден со Заклучок ги известува барателите (подносителите на барањето) за одобрување или одбивање на барањето.

Овластеното лице вработено во општината за социјална и детска заштита :

-ја прибира и чува целокупната документација по Барањето од барателот;

- го потполнува патниот налог ја следи неговата реализација се до завршување на потребата по барањето за превоз;

-Заклучокот од Комисијата заедно барањето и со потполнет патен налог(прилог 8) го доставува на потпис до Секретарот на Општината .

**Член 6**

(1) Барање за превоз со службено возило сопственост на општина може да поднесат организирани групи на спортски клубови, здруженија на граѓани за активности од јавен и општествен интерес.

(2) Барањето од став 1 на овој член се доставува до Комисијата за спорт, која ја води овластено лице за спорт .

(3) Комисијата за спорт, ја проценува веродостојноста на потребата, ја разгледува можноста за вклопување во веќе утврдените моментални активности или ангажман на возилата и во рок најмалку од 1 (еден) календарски ден со Заклучок ги известува барателите (подносителите на барањето) за одобрување или одбивање на барањето.

Овластеното лице вработено во општината за спорт :

-ја прибира и чува целокупната документација по Барањето од барателот;

-го потполнува патниот налог ја следи неговата реализација се до завршување на потребата по барањето за превоз;

- Заклучокот од Комисијата заедно барањето и со потполнет патен налог(прилог 8) го доставува на потпис до Секретарот на Општината .

**Член 7**

(1) Барање за превоз со службено возило сопственост на општина може да поднесат претставници од областа на културата,локален економски развој.

(2) Барањето од став 1 на овој член се доставува до соодветната Комисијата за култура/локален економски развој , која ја води овластено лице за култура/локален економски развој.

(3) Комисијата култура/локален економски развој, ја проценува веродостојноста на потребата, ја разгледува можноста за вклопување во веќе утврдените моментални активности или ангажман на возилата и во рок најмалку од 1 (еден) календарски ден со Заклучок ги известува барателите (подносителите на барањето) за одобрување или одбивање на барањето.

Овластеното лице вработено во општината за култура/локален економски развој:

-ја прибира и чува целокупната документација по Барањето од барателот;

-го потполнува патниот налог ја следи неговата реализација се до завршување на потребата по барањето за превоз;

- Заклучокот од Комисијата заедно барањето и со потполнет патен налог (прилог 8) го доставува на потпис до Секретарот на Општината .

## III. ЧУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА

**Член 8**

Корисникот и/или возачот на службеното возило го паркира на паркинг простор наменет за возила на општината до крајот на работното време или по завршување на службената потреба.

## IV. СЛЕДЕЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ИСПРАВНОСТ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА

**Член 9**

(1) Следењето на техничката исправност на службеното возило го врши лицето задолжено за одржување на службените возила при што користи Листа на проверка на службеното возило, која е дадена во Прилог бр.3 и е составен дел на оваа одлука.

(2) Лицето задолжено за одржување на службените возила го проверува возилото пред неговата употреба, по претходно добиено известување од корисникот на службеното возило за периодот за кој службеното возило ке се користи и доколку констатира одредени состојби кои упатуваат дека возилото не може да се користи, за истото го известува корисникот на службеното возило и раководното лице во општината.

## V.ОДРЖУВАЊЕ, СЕРВИСИРАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДЕФЕКТ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА

**Член 10**

(1)Корисникот на службеното возило води грижа за континуирано одржување на внатрешната и надворешната хигиена на возилото, а по потреба превзема активности за одржување на хигиената при што истите ги носи на овластен сервис за перење на возила, а за извршената услуга, поднесува уредни и веродостојни сметководствени документи до овластеното лице.

(2)Службените возила подлежат на редовен и вонреден сервис во зависност од потребата. За редовните сервиси лицето задолжено за одржување на возилота води евиденција во Картон на редовни сервиси, кој е даден во Прилог бр.4 и е составен дел на оваа одлука.

(3) Доколку се констатира одреден проблем на службеното возило, лицето задолжено за одржување на службените возила, го носи возилото во овластен сервис/добавувач со кој општината има склучено договор за одржување и сервисирање на возилата, согласно Законот за јавни набавки.

(4) За извршените сервиси на службеното возило лицето задолжено за одржување на службените возила води евиденција во Сервисен картон, кој е даден во Прилог бр.5 и е составен дел на оваа одлука.

(5) Службеното возило кое е ново набавено и истото е сеуште под гарантен рок, неговото сервисирање се врши од страна на правното лице од каде е набавено возилото или овластен сервис од него.

(6) Лицето задолжено за одржување на службените возила најдоцна 15 дена пред и 15 дена по изминување на периодот за носење на зимска опрема, треба да организира промена на опремата на возилото од летен во зимски режим и обратно.

(7) Секој корисник на службено возило кој ке забележи на службеното возило дефект, истиот го пријавува кај лицето задолжено да изврши дијагностика на дефектот и во зависност од потребите ги превзема потребните активности за сервисирање на возилото и информирање на овластеното лице за тоа.За упатување на возило на дијагностика на дефектот се изработува налог во два примерока, претходно одобрен од овластеното лице.

(8) Доколку дефектот на службеното возило настане надвор од подрачјето на седиштето на општината, корисникот на возилото го известува лицето за одржување на службените возила, кое дава насоки за начинот на постапување.

(9)Секоја поправка извршена на службеното возило кое е во сопственост на општината, лицето задолжено за одржување на возилата ја внесува во Матичен картон на службеното возило кој е даден во Прило бр.6 и е составен дел на оваа одлука.

## VI.ОШТЕТУВАЊЕ ИЛИ КРАЖБА НА СЛУЖБЕНО ВОЗИЛО

**Член 11**

(1)Доколку при користење на службено возило настане негово оштетување корисникот на возилото го известува лицето задолжено за одржување на службените возила и во зависост од добиените насоки пристапува кон изработка на европски записник или повикува асистенција од надлежен орган за изготвување на записник, согласно закон.

(2)Доколку при користење на службено возило настане кражба на истото корисникот на возилото веднаш го известува лицето задолжено за одржување на службените возила и во исто време во најблиската полициска станица ја пријавува кражбата.

## VII.ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА

**Член 12**

Лицето задолжено за одржување на службените возила води евиденција во Матичен картон на службеното возило.

**Член 13**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот и условите за користење, сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци со арх.бр.08-3077/5 од 27.05.2021 година.

**Член 14**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во„Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08- 6854/11**
**03.12.2021 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

| ............................................................ (назив на државниот орган) | | ................/ ............../............. год. |
|---|---|---|
| Сектор: ______________________ | | ............................................................ Месец за евиденцијата |
| (Име и презиме на корисникот на возилото) | | (работно место- положба, звање) |

# Месечен налог за користење на службено возило

**ПРИЛОГ: Број 1 - Месечен налог за користење на патничко моторно возило / службено возило**

| Датум: | Име и презиме на возачот на возилото | Правец на возење | | Автомобил: | | | Вид на службена работа | Време на | | Број на кипометри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Од: | До: | марка | вид | рег. број | | поаѓање | враќање | пред | по | поминати |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

ПРИЛОГ: Број 1 – Месечен налог за користење на патничко моторно возило / службено возило

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

**ПРИЛОГ: Број 1 - Месечен налог за користење на патничко моторно возило / службено возило**

Заверу ва/о добрува.

| | | |
|---|---|---|
| (потпис на возачот) | (потпис на корисникот) | (овластено лице) |

(назив на правниот субјект)

**ПРИЈ10Г: Број 2 - Налог за службено патување со патничко моторно возило / службено возило**

Сектор

Скопје

................/ ............../............. год.

Реден број
на свиденцијата

# Налог за службено патување со патничко моторно возило/службено возило

(презиме и име на корисникот) (работно место- положба, звање)

(назив на возилото) (рег. Број) од до

(место на поаѓање) (место на определување)

(опис наработата- службеното дејствие што се врши)

Време на поаѓањето | Време на вракање

Состојба на броилото при поаѓање | км.

при враќање |~~ | км.

Број на поминати кипометри | I км.

Заверува/одобрува,

(потпис на возачот) (потпис на корисникот) (овластено лице)

**ПРИЛОГ: број 3 - Листа за проверка на патничко моторно возило / службено возило**

| ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА ВОЗИЛО | | | | | | | | Тип на возило: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Реистерски број: | |
| Дата | Презиме и име на возлч | Каросерија | Ентериер | Вода / антиф. | Масло | Акумул. | Кочници | Ел. сигналит. | Забелешка |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Прилог: броЈ 4 - Картон за редовни сервиси на патнички моторни возила/службено возило

| ЛИСТА НА РЕДОВНИ СЕРВИСИ год. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| р.б. | МАРКА на возило | Рег.бр. | Датум на 1-сервис / (км) | Забелешка | Планиран сервис (км) | Забелешка |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| 6. | | | | | | |
| 7. | | | | | | |
| 8. | | | | | | |
| 9. | | | | | | |
| 10. | | | | | | |
| 11. | | | | | | |
| 12. | | | | | | |
| 13. | | | | | | |
| 14. | | | | | | |
| 15. | | | | | | |
| 16. | | | | | | |
| 17. | | | | | | |
| 18. | | | | | | |
| 19. | | | | | | |
| 20. | | | | | | |

Одговорно лице

(Име и презиме)

**Прилог: број 5 - Сервисен картон за тековно одржување на патнички моторни возила / службено возило**

| **СЕРВИСЕН КАРТОН** за тековно одржување на возило | | | |
|---|---|---|---|
| **Марка и тип нас возило:** | | **Број на мотор:** | (промена) |
| **Регистерски број:** | | **Број на шасија:** | (промена) |
| **Година на производство:** | | **Димензии нагуми:** | |
| **ЗАБЕЛЕШКА:** | | | |

| **Дата** | **Поминати (км)** | **Гориво (л)** | **Масло (л)** | **Подмачкување (л)** | **Масло за хидроулички систем (л)** | **Течност за кочници (л)** | **Антифриз (л)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**Прилог: број 6 - Матичен картон на патничко моторно возило / службено возило**

## МАТИЧЕН КАРТОН НА ВОЗИЛО

| | | | |
|---|---|---|---|
| Марка и тип нас возило: | | Број на мотор: | (промена) |
| Регистерски број: | | Број на шасија: | (промена) |
| Година на производство: | | Димензии на гуми: | |
| Податоци за регисграција | | Сила на мотор/зафатнина | |

**ЗАБЕЛЕШКА:**

| Дата | Сервисна организација | Работен налог Бр | Описна операцијата | Називнаделот | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Прилог.бр.7

**До**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**-Комисија за ______________________**

**О Б Р А З Е Ц / Б А Р А Њ Е**

**Од лицето__________________во својство на претставник на ______________________________, во согласност со одредбите на Правилникот за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци, го поднесува предметното барање за користење на:**

- **службено возило сопственост на Општина Кавадарци.**

**Заради________________________________________________________**
(опис,време,место и цел на патување)
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
**____________,за што во прилог на барањето доставувам:**

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

**Средствата за нафтени деривати и патарина се на товар на Општина Кавадарци / Барателот.**

**Дата** **Име и презиме на овластено лице**

__________________________
__________________________
**(потпис)**

ПРИЛОГ: Број 8 - Налог за користење на патничко моторно возило / службено возило

.................................................
(назив на правниот субјект)

КАВАДАРЦИ

................/ ............../............. год.

Сектор ____

Реден број
на евиденцијата

# Налог за користење на службено возило

______________________________
(презиме и име на корисникот)

______________________________
(работно место- положба, звање)

______________ ______________
(назив на возилото) (рег. број)

од ______________ до ______________
(место на поаѓање) (место на определување)

______________________________
(опис на работата- службеното дејствие што се врши)

Време на поаѓањето ______

Време на враќање ______

Состојба на броилото при поаѓање ______ км.

при враќање ______ км.

Број на поминати километри ______ км.

Заверува/одобрува,

______________ ______________ ______________
(потпис на возачот) (потпис на корисникот) (овластено лице)

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на**

**Одлука за избор на член на Совет на Општина Кавадарци кој ќе учествува во процесот на одлучување за прашања на конфликт на интереси на Градоначалникот на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за избор на член на Совет на Општина Кавадарци кој ќе учествува во процесот на одлучување за прашања на конфликт на интереси на Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-7112/12** ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 53 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци“ бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седницата одржана на ден 03.12.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на член на Совет на Општина Кавадарци**
**кој ќе учествува во процесот на одлучување за прашања на конфликт на интереси**
**на Градоначалникот на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во случаите на конфликт на интереси, согласно член 53 од Законот за локална самоуправа, во кои Градоначалникот на општината неможе да учествува во процесот на одлучување за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, деца или роднини до втор степен странична линијата има финансиски или друг личен интерес,

Се избираат членови на Совет на Општина Кавадарци

1.Тони Нешковски и

2. Јован Златевски

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци“

**Бр.08- 6454/12** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**03.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/13** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци“ бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седницата одржана на ден 03.12.2021 година, донесе

П Р О Г Р А М А
**За обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци**

**Вовед**

Општина Кавадарци покрај постојаната поддршка на програми проекти за спортска и рекреативна активност на младите од градот кои се предуслов за правилен раст и развој на младите, континуирано инвестира во инфраструктурни објекти кои се во насока на оставрување на овие цели.

Правниот субјект кој стопанисува со лизгалиштето на мраз има обврска да овозможи бесплатно користење на лизгалиштето на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци заради одржување на часови по физичко образование и тоа три часа - 09:00-12:00 часот претпладне и од 13:00-16:00 часот попладне секој работен ден во периодот од декември 2021 година до март 2022 година, освен за време на зимскиот распуст согласно протоколот за работа за време на пандемијата Covid 19 .

## Цели на Програмата

Со бесплатното користење на лизгалиштето на мраз ке се создадат услови за поголема спортска, едукативна и забавна активност на учениците од основните и средните училишта во градот, по однапред утврден распоред од училиштата предмет на оваа Програма и тоа:

| ден | училиште | ТЕРМИН | | | | | | вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 9-10 часот | 10-11 часот | 11-12 часот | 13-14 часот | 14-15 часот | 15-16 часот | |
| Понеделник | ОУ Страшо Пинџур ОУ Димката Ангелов Габерот Ваташа | 40 ученици V одд | 40 ученици IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | СОУ Гимназија Добри Даскалов | | | | | | I-II година | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| Вторник | ОУ Димката Ангелов Габерот Кавадарци | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | СОУ Гимназија Добри Даскалов | | | | | | III-IV година | |
| Среда | ОУ Гоце Делчев | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | СОУ Киро Спанџов Брко | | | | | | I-II година | |
| | СОУ Ѓорче Петров | | | | | | I-II година | |
| Четврток | ОУ Тошо Велков Пепето | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | СОУ Киро Спанџов Брко | | | | | | III-IV година | |
| | СОУ Ѓорче Петров | | | | | | III-IV година | |
| Петок | ОУ Тоде Хаџи Тефов | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | НЕОПФАТЕНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | | | | | | VIII-IX одд | |
| | | | | | | | | **1200** |

Во текот на 1 недела **1200** ученици

За спроведување на оваа Програма од Буџетот на Општина Кавадарци ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 600.000 денари –кои ќе се трансферираат до ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци - надоместок за користење на лизгалиштето на мраз од страна на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци , заради остварување на јавен интерес.

Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6454/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), а во врска со член 7 и член 348 од Законот за безбедност во сообракајот на патиштата („Сл.Весник на РМ„ бр. 169/15, 226/15, 55/16 и 11/2018), член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр,5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021година, донесе,

## О Д Л У К А
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци број 08-4989/17 од 25.09.2020 година („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.63/2020), број 08-5902/7 од 13.11.2020 година („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.65/2020), и број 08-1461/17 од 12.03.2021 година („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.70/2021) да се изврши следната измена и дополнување, и тоа:

- **„Член 2 се менува и гласи:**

Површините за зонско паркирање на кои ќе се применува системот на зонско паркирање се класифицираат во три (3) паркинг зони утврдени според интензитетот и фрекфенцијата на сообраќајот на територијата на Општина Кавадарци, и тоа:

-Во зона А десет (10) подзони;

-Во зона Б четиринаесет (14) подзони; и

-Во зона Ц (С) девет (9) подзони„.

Во опфат на површините за зонско паркирање се утврдуваат и резидентни паркиралишта на станбени блокиви, односно резидентни џебови.

Резидентните паркиралишта, зависно од капацитетот на слободни паркинг места и потребите на корисниците, може да бидат уредени и како комбинирани, односно резидентно-комерцијални јавни паркиралишта, со определени услови за нивно користење.

- **По член 2 се додава нов член 2-а кој гласи:**

Резидентните паркиралишта и резидентните улици се јавни паркиралишта кои се уредени на начин единствено со намена за станарите и жителите на Општина Кавадарци кои што живеат во опфат на паркинг зоната каде што се наоѓа односното јавно паркиралиште.

Резидентните паркиралишта, зависно од капацитетот на слободни паркинг места и потребите на корисниците, може да бидат уредени и како комбинирани, односно резидентно-комерцијални јавни паркиралишта, со определени услови за нивно користење.

Резидентно-комерцијални јавни паркиралишта, односно комбинирани паркиралишта се организираат на одредени резидентни паркиралишта, на коишто е организиран комбиниран начин на паркирање, во однос на функцијата која ја врши резидентното паркиралиште, а во согласност со определено временско ограничување на комерцијалните корисници на резидентните паркиралишта.

Резидентно-комерцијалните јавни паркиралишта за сите корисници на јавните паркиралишта се организираат како комерцијални секој ден од понеделник до сабота во периодот од 07.00 часот до 15.00 часот, со период на толеранција до 16.00 часот (крај на парирањето најкасно до 16:00 часот).

Резидентно-комерцијалните јавни паркиралишта по 16.00 часот се организираат како резидентни паркиралишта, односно на конкретните паркиралишта е дозволено паркирање единствено за станарите и жителите во опфат на резидентното паркиралиште.

**Во член 3**

- после Подзона А4, СЕ ДОДАВА нова подзона, која гласи:

„**Подзона А04-резидентно паркиралиште**

На крак од улица „М.Х. Јасмин-новоизградена улица„ се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со улица„Пано Мударов„ – обезбедени се 6 паркинг местоа“,

- **во Подзона А7,** СЕ БРИШЕ текстот: „ јавен паркинг на КП.бр.11608/1, и КП бр.11626/1 (позади Strit bar)“

- **Подзона А8 СЕ МЕНУВА и гласи:**

Подзона А8-резидентно- комерцијално паркиралиште

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот позади зградите на ул.Илинденска јавен паркинг на КП.бр.11608/1, и КП бр.11626/1 (позади Strit bar) – обезбедени се 26 паркинг места-во опфат на станбена единица број 115.

- После Подзона А8-резидентно- комерцијално паркиралиште, СЕ ДОДАВА нова подзона, која гласи:

„**Подзона А08- резидентно паркиралиште**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот позади зградите на ул.Илинденска со КП бр.11847/1 и КП бр.11833/2 (позади Рома Кафе) – обезбедени се 6 паркинг места-во опфат на станбена единица број 68;“

-**Во текстот** „Во зона „А“ вкупно обезбедени 181 места за паркирање“ бројот **„181“ СЕ ЗМЕНУВА со бројот „209“.**

**Во член 4**

- **во Подзона Б3,** во текстот после зборовите улица „Фердо Росомански“ **СЕ СТАВА** црта и **СЕ ДОДАВА** текст: „(од јужната страна на станбена единица број 4)“ и **бројот „23“ СЕ ЗАМЕНУВА со број „18“**

- **после Подзона Б3**, СЕ ДОДАВА нова подзона, која гласи:

**„Подзона Б03- резидентно паркиралиште**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица „Фердо Росомански„-(од западната страна на станбена единица број 4) – обезбедени се 13 паркинг места- во опфат на станбена единица број 4;“,

-**Во текстот** „Во зона „Б“ вкупно обезбедени 494 места за паркирање“ **бројот „494“ СЕ ЗМЕНУВА со бројот „502“ „.**

Во член 12 став 1 , СЕ БРИШЕ алинеја 7.

**Член 2**

Во останатиот дел одлуката останува непроменета.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 6854/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Програмата за изменување дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**
**“ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за 2021година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за 2021година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ бр.38/96...35/2019), член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21“), расправајќи по Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за 2021година,

Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за 2021година**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за 2021година, со арх.бр. 02-2427/1, донесена на седница на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци,одржана на ден 25.11.2021 година.

2. Советот на Општина Кавадарци предлага општинската администрација да достави писмено барање до МВР на РСМ-ОВР Кавадарци, за да се обезбеди службено униформирано лице да биде присутно секојдневно при интервенција на пајак службата со цел зголемување на ефикасноста на работата на пајак службата.

3. Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 6854/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05 .......... 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година**

**1.**СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7112/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 82 став 1 точка 30 и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05....../21“), расправајќи по Програмата за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година, Советот на Општина Кавадарци на 3-тата седница одржана на ден 03.12.2021 година, донесе ,

З А К Л У Ч О К
**за усвојување на Програмата за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година**

